КАРПОШ

неделен Е - БИЛТЕН

ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

28 октомври - 3 ноември 2019 Билтен бр. 345

„МАЈСКИ ЦВЕТ"ЌЕ ЈА СНАБДУВА СО ХРАНА ГРАДИНКАТА ВО ФИНАНСИИ

На 29. (вонредна) седница на Советот на Општина Карпош, членовите на Советот ја одобрија Одлуката за давање на Согласност на Правилникот за поблиските услови, начинот на продажба на сопствени производи и услуги на ЈУОДГ „Мајски Цвет“. Со тоа се овозможува од оваа карпошова детска градинка да се врши подготовка и достава на храна за децата во детската градинка „Мини Фини Буџетчиња“, којашто е отворена во Министерството за финансии за згрижување на децата на нивните вработени. Оваа услуга се договори по претходно иницирана соработка помеѓу Министерството за финансии на Република Северна Македонија и градинката „Мајски Цвет“. Договорот треба да се потпише најдоцна до 28.10.2019. година.

На седницата беше даде согласност на измената на Годишниот план за вработувања за 2019 и 2020 година на општинското основно училиште „Петар Поп Арсов“, а се одобри изменувањето на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2019 година, а беше усвоен и Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2019 година до 30.09.2019 година. Исто така на седницата советниците дадоа „виза“ за изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање за 2019 година, а донесоа и одлука за доделување на 200.000 денари финансиска поддршка за кошаркарскиот клуб „ СПАРТА “.

ОПШТИНА КАРПОШ СО ПРИЗНАНИЕ ЗА „БЛИНК 42-21"

Мзаедница препознаена како добро дигитално решение

Во рамки на Деновите на Општина Карпош, денеска градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев му додели признание на Центарот за социјални иновации „Блинк 42 – 21“, кои во Карпош препознаа партнер и ја имплементираа оваа мобилна апликација.

Повеќе од половина година, граѓаните на Карпош преку мобилната апликација „мЗаедница“ пријавуваат проблеми, даваат предлози, сугестии и иницијативи со кои треба да се унапреди квалитетот на животот во локалната самоуправа.. Оваа интерактивна апликација е достапна за уредите на IOS и Android, а „мЗаедница“ ја доби и Европската награда за млади во категоријата „Активно граѓанство како дигитално решение со влијание врз општеството“.

Богоев со претставниците од „Блинк 42 – 21“, Зорица Велковска и Милан Танчески, разговараше за дополнително унапредување на оваа апликација и нејзино прилагодување кон потребите на заедницата и информатичката технологија.

Се дискутираше и за поголема соработка во доменот на правилно и паметно користење на технологијата. Примарната цел е овие дигитални алатки да овозможат подобри услуги за граѓаните, детектирање на проблеми и креирање на системски решенија.

Претставниците од „Блинк 42 – 21’ ќе учествуваат на доделувањето на Европската награда за млади, за „мЗаедница“, од 27 – ми ноември до 1 – ви декември, во Грац, Австрија.

ТРАДИЦИОНАЛЕН АТЛЕТСКИ КРОС ВО ПРЕСРЕТ НА ДЕНОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ

На 28 октомври 2019, на патеката на Кејот на реката Вардар (кај Амфитеатарот), во пресрет на Денот на Општина Карпош се одржа традиционалниот Атлетски крос, накојшто учествуваа ученици (девојчиња и момчиња), од шесто, седмо, осмо и деветто одделение од сите основни училишта во Карпош.

На амфитеатарот на Кејот на реката Вардар, признанијата на најдобрите им ги врачи градоначалникот Стефан Богоев.

Тој пред присутните основци се осврна на важноста од физичка активност на најмладите и нивното учество во спортско – рекреативни активности.

Како локална самоуправа, преку Училишните спортски лиги се обидуваме да го надградиме вашиот талент, а и вие да имате простор за поголема физичка активност. Оваа недела имаме повеќе спортски настани, финалиња во ракомет, во фудбал, кошарка и одбојка. Преку спорт и фер плеј го одбележуваме 43 – от роденден на Општина Карпош, рече Богоев.

Градоначалникот напомена дека локалната самоуправа продолжува да ги унапредува условите во основните училишта и да ја подобрува инфраструктурата за спортување.

Учениците од шесто одделение се натпреварува на 100 и 150 метри.

Најдобри во женска категорија беа: Дарија Стојанова, од ООУ „Димо Хаџи Димов која го освои првото место “, Марија Груевска, од ООУ „Петар Поп Арсов“ е освојувач на второто место и Марија Спасовска од ООУ „Петар Поп Арсов“, која го освои третото место.

Кај машките, најдобри беа: Дамјан Буцевски, од ООУ „Владо Тасевски“, кому му припадна победничкото прво место, Илија Митановски од ООУ „Владо Тасевски“- второ место и Дамјан Стефков, од ООУ „Димо Хаџи Димов“ го освои третото место.

Учениците од осмо одделение се натпреварува на 200 и 250 метри.

Најдобри во женска категорија беа: Деница Јашарова, од ООУ „Аврам Писевски“, освојувач на првото место, Миа Димовска, од ООУ „Јан Амос Коменски“ пристигна на второ место и Луна Алексова, од ООУ „Вера Циривири Трена“ се пласира на трето место.

Кај машките, најдобри беа: Омер Алитовски, од ООУ „Аврам Писевски“ кој го зазеде првото место, Теодор Хаџи Поповски, од ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“ на второто место и Боја Лукиќ, од ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“- на третото место.

Учениците од седмо одделение се натпреварува на 150 и 200 метри.

Најдобри во женска категорија беа: Магдалена Крстева, од ООУ „Вера Циривири Трена“- прво место, Ангела Тасевска, од ООУ „Петар Поп Арсов“ – второ место и Илина Илиевска, од ООУ „Јан Амос Коменски“ која го освои третото место.

Кај машките, најдобри беа: Андреј Здравковски, прво место, ученик од ООУ „Димо Хаџи Димов“, Дамјан Павловски, второ место ученик од ООУ „Петар Поп Арсов“ и Брајан Авил, од ООУ „Лазо Трповски освојувач на третото место “.

Учениците од деветто одделение се натпреварува на 250 и 300 метри.

Најдобри во женска категорија беа: Снежана Туневска, од ООУ „Јан Амос Коменски“ која го освои првото место, Ана Блајер, од ООУ „Владо Тасевски“ се пласираше на второ то место и Софија Тошевска, од ООУ „Димо Хаџи Димов“-на трето место.

Кај машките, најдобри беа: Бујар Мехмети, од ООУ „Братство“ кој заврши на првото место, Лука Петејчук, од ООУ „Вера Циривири Трена“ стаса на второто место и Лука Трифуновски, од ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“ го зазеде третото место.

КАРПОШ- „ЕПИЦЕНТАР" НА ЗНАЕЊЕТО

Доаѓањето во гимназијата „Никола Карев“ секогаш ми буди убави спомени, ме потсеќа на средношколските денови во ова училиште, на раната младост, започна градоначалникот Стефан Богоев, во рамки на денешната Регионална конференција на Здружението на училишни директори „Училишни лидери“, која од 28 до 30 октомври се одржува во Скопје.

Пред големиот број на директори на основни и средни училишта од Србија, Црна Гора Хрватска, Словенија и БиХ, Богоев зборуваше за поделеноста на надлежностите во сферата на образованието, но и за проектите кои Карпош ги презема за градење на сеопфатно и инклузивно основно образование.

Општината значително инвестира во подобрување на инфраструктурата на училиштата. Гледаме да одиме и чекор напред, затоа утре ќе отвориме и нова сензорна соба за ученици со попреченост во ООУ „Вера Циривири – Трена“. Дел од училишните дворови прераснуваат во спортско – рекреативни центри, а со ограничената употреба на мобилните во наставата сакаме да обезбедиме поквалитетно следење на наставата, рече Богоев.

Пред присутните, тој се осврна и на фактот дека Карпош претставува „епицентар“ на знаењето. Тука егзистираат голем број на државни и приватни градинки, основни и средни училишта, како и повеќе факултети.

Оваа регионална конференција има за цел да обедини училишни лидери од повеќе земји, да разменат искуства и практики кои ќе ги пренесат во своите средини.

„ВЛАДО ТАСЕВСКИ" ШАМПИОНИ НА РАКОМЕТНИОТ КУП

Ракометарите на ООУ „Владо Тасевски “ со резултат од 2:0 по изведба на пенали, ги победија своите врсници од ООУ „ Вера Циривири Трена“. Во регуларниот дел од натпреварот резултатот беше изедначен 13:13. Во СРЦ „ Борис Трајковски“ со почеток од 12:00 часот се одигра финалето од ракометниот куп во категорија на мешани (и момчиња и девојчиња) учесници од основците од Карпош.

Претседателот на Советот на Општина Карпош Андреј Манолев им го врачи победничкиот пехар на шампионите, и им додели дипломи на учесниците. Првиот човек на Советот на Општина Карпош им посака успех во иднина, и упорност и волја во спортските активности. Овој ракометен куп се одржа по повод Деновите на Општина Карпош.

СЕНЗОРНА СОБА ЗА ООУ „В.Ц.ТРЕНА" ЕДНАКВИ ШАНСИ ЗА СИТЕ

Искористените гуми за отпад, сега претворени во жардиниери, неискористената пластика, овојпат употребена со нова, оригинална намена, посебна сензорна патека од ореви и костени... Вака започна посета на ООУ „Вера Циривири – Трена“, во Карпош 2.

Уште на влезот на училиштето се забележува едно ново, креативно катче, каде што сите ученици ќе можат да поминаат одреден дел од времето и да другаруваат.

Во рамки на Деновите на Општина Карпош, ова основно училиште доби уште еден исклучително важен простор – нова сензорна соба за учениците со попреченост. Станува збор за просторија во која учениците со попреченост ќе можат да поминат одреден период од денот, во случај да имаат проблем со следење на наставниот процес.

Оваа сензорна соба е опремена со посебни реквизити, материјали и сензорно осветлување кое има смирувачко дејство врз учениците.

Просторијата е прилагодена и има дидактички материјали за сите ученици, со цел да се постигне инклузија и нивно вмрежување.

При посетата, градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев истакна дека локалната самоуправа ќе продолжи да работи на сеопфатно и инклузивно основно образование:

Се грижиме секој ученик да има еднакви шанси! Вакви сензорни соби имаме во „Димо Хаџи Димов“, „Јан Амос Коменски“, а мило ми е што од денеска и училиштето „В.Ц.Трена“ добива една просторија за учениците со попреченост, но и сите други основци. Роденденот на Општината го одбележуваме преку активности и проекти кои го симболизираат нашето постоење: хуманост, солидарност, градење на подобри услови во основното образование, рече Богоев.

Сензорната соба е резултат на соработка меѓу Општина Карпош, Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“ и Здружението за поддршка на деца и млади со попреченост „Сината птица“.

Пред присутните се обрати и Сузана Киранџиска, извршен директор на „Чекор по чекор“, која ја истакна потребата од вакви сензорни простории, со кои се создаваат подобри услови за вклучување на учениците со попреченост во воспитно – образовниоот процес. Во финална фаза е и нова сензорна соба и во ООУ „Лазо Трповски“, во Карпош 3

ПОСТАВЕН „ЛЕЖЕЧКИ ПОЛИЦАЕЦ" ПРЕД ООУ „БРАТСТВО"

Пред основното училиште „Братство", во населбата Тафталиџе 2, се постави нов „лежечки полицаец", сé со цел да се зголеми безбедноста во сообраќајот. Наскоро следува поставување на вакви забавувачи на брзината при возење и пред ООУ „ Димо Хаџи Димов" во населбата Влае 2, пред ООУ „ Војдан Чернодрински" во урбаната заедница „ Владо Тасевски", како и пред ООУ „ Христијан Тодоровски-Карпош " во Карпош 1.

Дополнително за поголема безбедност на децата во сообраќајот, од оваа учебна година, задолжени лица (од ненаставниот кадар) од основните училишта го регулираат сообраќајот пред сите десет основни училишта кои се наоѓаат на територијата на Општина Карпош.

СТИПЕНДИИ ЗА 14 НАЈТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ-СПОРТИСТИ ВО КАРПОШ

Во прекрасна атмосфера, со многу игра, забава, но и возбуда, во еко – училницата, во дворот на ООУ „Владо Тасевски" во Козле официјално им беа доделени решенијата за стипендии на најталентираните ученици – спортисти од општинските основни училишта од Карпош, за учебната 2019/2020. Станува збор за 14 талентирани млади спортисти од осмо и деветто одделение кои имаат постигнати врвни резултати на репрезентативно или индивидуално ниво во одбојка, бадминтон, кошарка, пливање, фудбал, атлетика, тенис и борење.

Решенијата на најдобрите основци – спортисти им ги врачи градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев кој во оваа пригода рече:

-Среќен сум што денеска сум тука со вас, во новата еко – училница во „Владо Тасевски". Токму овој и ваков простор кој е искреиран тука е една од причините зошто Карпош е различен од другите. Во Карпош има ученици кои создаваат и креираат од рани години. Тука учат ученици кои се креативни и сами создаваат шанси, а не чекаат од друг. И јас и Општината сме горди на вас!

-Ние, како Општина постојано се трудиме дополнително да ве поддржуваме, да бидете уште подобри. Затоа денеска даваме стипендии на талентираните ученици – спортисти, а за неколку дена ќе ги доделиме стипендиите и за нашите млади научници, рече во своето пригодно обраќањето Богоев, при што на младите спортисти им порача дека финансиската поддршка треба да ја гледаат како мотив плус и да знаат дека некој го следи нивниот талент и развој.

Најдобрите ученици-спортисти беа избрани врз основа на објавениот јавен оглас од Општината на почетокот на септември, на кој аплицираа 20 ученици од школите во Карпош, при што, најдобри од најдобрите, во следните осум месеци ќе бидат стипендирани во две категориии со по 2.000, односно 3.000 денари, а тоа се: Фани Поповски за постигнувањата во одбојка, Карло Димовски, Марио Џон и Филип Дочински во кошарка, Снежана Тунеска во атлетика, Никола Шашков и Петар Џоњконски во бадмингтон, Калина Стојановска, Павле Стојчевски и Јана Милковска во пливање, Леона и Теона Топаловски во борење, Борјан Ѓуковиќ во тенис и Андреј Данчевски Данстак во фудбал.

Честитајќи им на годинешните добитници градоначалникот Богоев им порача дека Општината и натаму ќе продолжи да инвестираме младите. Тој потсети дека во ова училиште, неодамна беше санирана училишната спортска сала, со цел овие и сите други ученици да спортуваат во подобри услови, а Општината и натаму ќе продолжи да инвестира во младите од секој друг аспект.

ОБНОВЕНА Е УРБАНАТА ОПРЕМА ОКОЛУ ДРАМСКИ ТЕАТАР

Општина Карпош ја санираше поголем дел од урбаната опрема (клупи и корпи за отпадоци) околу Драмски театар, во Карпош 2, а локалната самоуправи дополнително постави и нови клупи за седење. Со нив се овозможува поголема удобност за посетителите на Драмскиот театар, имајќи предвид дека дел од клупите се поставени на платото пред Драмски.

Во претстојниот период, ќе бидат поставени и посебни корпи за отпушоци, а се предвидува и обнова на осветлувањето.

Во овој дел од Општината, ЈП „Паркови и зеленило“ ќе започне и со уредување на зеленилото, при што ќе се постави нова тревна површина и зеленило. Целосно ќе се облагороди јавниот простор и ќе прерасне во маалски парк за рекреација.

Апелираме на зголемена грижа за урбаната опрема и правилно фрлање на отпадот.

ФУДБАЛЕРИТЕ ОД ООУ „АВРАМ ПИСЕВСКИ" ШАМПИОНИ ВО КУПОТ

Фудбалерите од ООУ „ Аврам Писевски“ во финалето на Купот по повод Денот на Општина Карпош 3.Ноември, со резултат од 3:0, ги победија своите врсници од ООУ „ Петар Поп Арсов“.

На фудбалското игралиште во Влае 2, во спорска атмосфера денеска се одигра завршниот натпревар во овој пригоден куп помеѓу основците од овие две уличишта кои се наоѓаат на територијата на локалната самоуправа. Победници во ракометниот куп, пак, беа основците од „ Владо Тасевски“.

„ВОЈДАНКИ" ШАМПИОНКИ ВО ОДБОЈКА

Во училишната сала на ООУ „ Христијан Тодоровски- Карпош“, одбојкарките од „ Војдан Чернодрински“ во решавачкиот, завршен меч, ги победија со 2:0 во сетови своите врснички од ООУ „ Петар Поп Арсов“. Првиот сет заврши со резултат од 25:16, додека вториот 25:12 во корист на „ војданки“.

Ова финале во купот , денеска, се одигра по повод Деновите на Општина Карпош. Исто така, вакви ревијални натпревари по повод роденденот на локалната самоуправа се одиграа и во фудбал и ракомет.

Претседателот на Советот на Општина Карпош Андреј Манолев им го врачи победничкиот пехар на најдобрите одбојкарки, честитајќи им го успехот и посакувајќи им понатамошна професионална одбојкарска кариера.

На учесниците во купот, исто така им беа врачени дипломи.

СТАРТУВАШЕ СЕЗОНАТА НА ПРОДАЖБА НА ЗЕЛКИ ВО БАРДОВЦИ

Започна традиоционалниот пазар на зелки кој ќе трае еден месец. Општина Карпош на мештаните- земјоделци од населбата Бардовци и Злокуќани и оваа година ќе им даде бесплатно времено користење тезги и ќе го организира есенскиот пазар за продажба на зелки.

Ова населено место во Општина Карпош е надалеку прочуено по производство и пласман на овој вид зеленчукова култура, и токму во овој период, кога зелката е стасана како готов производ, локалната самоуправа им излегува во пресрет на земјоделците и на еден хигиенски, поорганизиран начин го уредува просторот на кој се наоѓа пазарот за зелки.

Времениот пазар е поставен на улицата „ Скупи“. Општината сето ова го прави без паричен надоместок, сé со цел да се поттикне локалната микро трговија и земјоделско производство.

ТАЛЕНТИ СО СРЦЕ И ДУША

Ако посакаш да стартуваш од некаде-стартувај од Карпош. Ова го докажа денешната, осма по ред, манифестација „Карпош има талент“ која се организира по повод роденденот на Општината 3. Ноември.

Надарени ученици, претставници од сите десет основни училишта на Карпош, денес, во прекрасна атмосфера, пред преполниот амфитеатар во Кинотеката на Република Северна Македонија, на бина ги истакнаа своите врвни дарби во пеење, глума, танц и инструментални изведби.

Меѓу најдобрите сепак требаше да се изберат први од еднаквите, а тоа беа третооделенецот Евгениј Дучевски од ООУ „Димо Хаџи димов“ со сценскиот настап на нумерата Wanna be start in something на Мајкл Џексон, кој буквално ја дигна публиката на нозе и заслужено го освои првото место на годинешниот избор на најталент од Карпош.

Затоа пак, второнаградената Сара Крстевска од ООУ „Аврам Писевски“ со авторскиот перформанс посветен на глувонемото другарче, насловен како „За другарчето кое ја слуша мојата песна“ изведен со знаковен јазик, успеа да ги измами најжешкиот аплауз, но и солзите на присутните.

Третото место му припадна на мултиталентираниот солист Марко Станчевски од ООУ „Владо Тасевски“, кој во еден здив ја изведе „Одата на радоста“ од Лудвиг Ван Бетовен на три инструменти едновремено: на труба, пијано и тапани.

Настапот на сите учесници, а посебно честитки и дипломи за најталенти им врачи градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев кој ги повика да продолжат да го развиваат својот талент, а локалната самоуправа ќе продолжи да иницира вакви настани со кои ќе ја стимулира креативноста кај најмладите.

Стручното жири кое имаше извонредно тешка задача да ги избере најдобрите три настапи на учениците од Карпош беше во состав: Александар Митевски-кантавтор, Драган Спасовски ДАЦ-актер и Билјана Костова, советник и претседател на Комисијата за јавни дејности при Општина Карпош.